# З А П И С Н И К

од 12. редовна седница на Собранието на Комората на овластени архитекти и овластени инженери одржана на 23.2.2019

Собранието се одржа во салата за состаноци на Комората со почеток во 11:00 часот. Собранието го водеше Претседавачот на Собранието м-р Ива Џагора.

По информацијата дека на седницата на Собранието од вкупно 75 члена, присутни се 39 претставници на професионалните одделенија (*напомена: во текот на седницата дојдоа уште неколку делегати, за седницата да заврши со 45 делегати*). Претседавачот констатира дека има кворум за работа и полноправно одлучување по сите точки од дневниот ред. (составен дел на овој записник е списокот на присутни и отсутни членови на Собранието). Претседавачот на Собранието напомена дека записничари на седницата ќе бидат Јагода Дренковска и Флутура Хазари. Претседавачот на Собранието предложи оверувачи на записникот да бидат истите од минатата седница, и тоа: Зоран Мирчевски, Дурим Фетаху и Катарина Манчева. Бидејки Дурим Фетаху не беше присутен, од одделението за урбанзам, на негово место, за оверувач беше предложена Марина Стојмановска Стојчевска. Собранието на Комората едногласно избра оверувачи на записникот да бидат Зоран Мирчевски, Марина Стојмановска Стојчевска и Катарина Манчева.

Во расправата по предложениот дневен ред за работа на Собранието, претседавачот предложи да се додаде нова точка, и тоа - верификација на мандат на член на Собранието (како точка 2), како и точките 5 и 6 да ги заменат местата, со оглед дека за избор на заменик претседавач на Собранието е потребно тајно гласање. Овој предлог беше едногласно прифатен од членовите на Собранието, па така Собранието го усвои следниот:

## ДНЕВЕН РЕД

1. Усвојување на записник од седница на Собрание на Комората од 27 октомври 2018 година.
2. Верификација на мандат на член на Собранието.
3. Извештај од Надзорниот одбор за работата на Комората во 2018 година.
4. Извештај од Управниот одбор за работата на Комората во 2018, со предлог - одлука за одобрување на завршна сметка и финансиски извештај за 2018 година усвоени од Управниот одбор на Комората.
5. Предлог програма за работа на Комората во 2019 година.
6. Избор на членови и заменици во Дисциплинска комисија на Комората.
7. Избор на Заменик претседавач на Собранието на Комора.

** *

Пред почетокот со работа по точките од дневиот ред Собранието му оддаде почит на починатиот член на Собранието Илија Тикварски, кој беше добитник на наградата *Проф. д-р Илија Черепналковски* за 2014 година.

## ТОЧКА 1

Записникот од седница на Собрание на Комората одржана на 27 октомври 2018 година беше усвоен едногласно со забелешката дека при наведување на дискутантите да се користи цело име и презиме.

## ТОЧКА 2

Собранието го верификува мандатот на новиот член на Собранието од одделението за машинство Бојан Муратовски.

## ТОЧКА 3

Во врска со Извештај од Надзорниот одбор за работата на Комората во 2018 година, куси воведни излагања даде претседателот на надзорниот одбор, Кристинка Радевски. Таа се задржа на трите точки на укажувањето дадено во извештајот и предлог заклучоците доставени до Собранието, и го заврши своето излагање со констатацијата дека Надзорниот одбор дава позитивно мислење по материјалното и финансиско работење на Комората во 2018 година.

## ТОЧКА 4

Претседателот на Комората Миле Димитровски, преку паверпоинт презентација ги изнесе поважните точки од извештај што го утврди Управниот одбор, а се однесува на работата на Комората, со финансиски извештај за 2018 година, при што во куси црти се осврна на поважните прашања што ја одбележаа работата на Комората во 2018 година, како што се: усвојување на Тарифникот за инженерски услуги, зголемен број на активни членови (319), зголемување на приходите во Комората за 22,3%, рационализирани и смалени трошоците за работа во Комората, зголемена е посетеноста на новата веб страница, сметано од 1.9.2018 г. евидентирани се околу 270.000 посети, на страницата се објавуваат благовремено активностите на Комората, одржани се 21 семинар за континуирана професионална доедукација, богата меѓународна соработка и тн.

Собранието без расправа едногласно го усвои извештајот за работа и извештајот за финансиското работење на Комората за 2018 и донесе одлука за одобрување на завршна сметка и финансискиот извештај за 2018 година.

## ТОЧКА 5

Во врска со Предлог програма за работа на Комората во 2019 година воведни напомени даде Претседателот на Комората д-р Миле Димитровски, при што истакна дека таа е составена од 16 програмски целини и секоја од нив кусо ја образложи. Тој посебно се задржа на престојната активност поврзана со донесување на Законот за градење, заокружување на процесот за донесување и примена на тарифникот, соработката со бизнис заедницата, меѓународната соработка, континуирана професионална дообука и тн. Претседателот го презентираше и Финансискиот план на Комората во 2019 година, при тоа информира дека порастот на приходите се планира да е значително помал во однос на 2018 година и да изнесува 8,7%, но трошоците се планира да се зголемат за 24,4%, со оглед на пообемната програма за работа предложена до собранието. Собранието без дискусија ги усвои програмата за работа на Комората за 2019 година и финансискиот план за 2019 година.

## ТОЧКА 6

За членови и заменици во Дисциплинска комисија на Комората беа предложени, а со гласање едногласно избрани со мандат од 2 години: Сашо Блажевски, претседател; Христинка Матоска, заменик претседател; членовите: Влатко Иванов и Андон Петровски, како и замениците: Шабан Алиу и д-р Влатко Коробар.

## ТОЧКА 7

Професионалните одделенија предложија двајца кандидати за заменик преседавач на Собранието на Комората и тоа:

-Веселинка Герасимова Петровска, од одделението за архитектура и

-Слободан Томиќ од одделението за електротехника.

За спроведување на тајното гласање беше избрана следнава Комисија: Драгана Јовановска-архитектура, д-р Ана Тромбева Гавриловска-градежништво, Адријана Милевска-електротехника, Неџат Зулбеари-урбанизам и Нада Брајковска-машинство.

Дурим Фетаху, забележа дека не е спазена одредбата со правична застапеност на националностите. Двајцата кандидати на кусо ги запознаа членовите со својата професионална биографија.

По извршеното гласање Комисијата достави записник во кој се дадени следните резултати од спроеденото тајно гласање: Веселинка Герасимова Петровска доби 23 гласа и Слободан Томиќ 21 глас.

Претседавачот м-р Ива Џагора констатира дека, согласно резултатите од тајното гласање за заменик преседавач на Собранието за изборниот циклус до 2020 година е избрана Веселинка Герасимова Петровска.

Седницата на собранието заврши во 12:30 часот.

Оверувачи на записникот:

Зоран Мирчевски ______________ ZORAN MIRCHEVSKI

Digitally signed by ZORAN MIRCHEVSKI
DN: c=MK, email=isp@beton.com.mk, sn=MIRCHEVSKI, givenName=ZORAN, cn=ZORAN MIRCHEVSKI
Date: 2019.03.08 08:59:27 +01'00'

Марина Стојмановска Стојчевска______________ Makedonski Telekom CA, Marina Stojmanovska Stojchevska

Digitally signed by Makedonski Telekom CA, Marina Stojmanovska Stojchevska
DN: c=MK, o=Makedonski Telekom, cn=Makedonski Telekom CA, ou=Prostor DOO Kumanovo:4017996100361, serialNumber=CRT3514057, cn=Marina Stojmanovska Stojchevska
Date: 2019.03.07 15:52:31 +01'00'

Катарина Манчева ______________

KATARINA MANCHEVA

Digitally signed by KATARINA MANCHEVA
Date: 2019.03.07 14:14:00 +01'00'

Записничари:

Јагода Дренковска
Флутура Хазари

Претседавач на Собранието

М-р Ива Џагора